ИЗВЕШТАЈ

за остварување на годишна програма за работа за 2015г.

Согласно Нацрт-програмата за работа на НУ Музеј на македонската борба – Скопје за 2015 година, за реализација беа предвидени следниве активности:

1. Заштита на оштетен архивски и библиотечен материјал
2. Превентивна конзервација на мобилијар и дрвени предмети од сценографијата на постојаната поставка
3. Откуп на историски предмети
4. Издавање двојазичен каталог (македонско/англиски) за постојаната музејска поставка
5. Изложба – Македонија на историските карти
6. Завршна изложба на едукативниот проект – Музејот пријател на децата
7. Изложба по повод 150 години од организацијата Црвен Крст (во соработка со Црвениот крст на Македонија)
8. Изложба по повод денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј
9. Картофилска изложба – Ликови од македонското револуционерно минато на стари разгледници во Хрватска

Музејот на македонската борба согласно доделените средства од Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа со Министерството за култура со бр. 30-2740/1 од 25.02.2015 г. и со средствата предвидени за програмски активности од сопствени приходи заклучно со 30.6.2015 г. ги реализираше следниве програмски активности:

Проектот за Превентивна конзервација на мобилијар и дрвени предмети од сценографијата на постојаната поставка, неговата реализација е планирана за втората половина од 2015 година. Техничките подготовки за проектот се предвидени да започнат во текот на август 2015, додека проектот во планрианите фази треба да се реализира заклучно со декември 2015г. Вредноста на проектот изнесува 100.000 денари.

Откупот на историски предмети во рамки на годишната програма е ставен во мирување поради недостиг на понуда од историски материјали значајни за музејскиот фонд. Доколку до крајот на 2015 година пристигнат соодветни понудиоваа активност ќе се реализира во втората половина на годината.

Завршната изложба на проектот Музејот-пријател на децата беше успешно реализирана како четврта фаза на проектот преку подготовка и реализација на завршна манифестација и изложба на наградените и пофалените литературни, ликовни и истражувачки творби. Во присуство на околу 140 гости, на 08.04.2015 беше отворена изложбата која во текот на еден месец ја посетија околу 1500 посетители. Модератори на свеченоста беа учениците од драмската секција на ООУ Вера Циривири Трена, а во музичкиот дел од програмата настапија учениците од Музичкото училиште во Скопје. За изложбата беше изработен и каталог во печатена и во електронска форма. Финансиските средства наменети за пректот Музејот –пријател на децата се соодветно и наменски потрошени за реализација на програмските активности.

На 16.4.2015 г., во Загреб, Република Хрватска, беше поставена изложбата „Македонските национални носии на разгледниците 1890-1950 – македонскиот фолклор и идентитетот.

Изложбата, пропратена со соодветен каталог, наиде на одличен прием меѓу претставниците на македонската заедница и на јавноста во Хрватска.

На 22.5.2015г. по повод денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј во Музејот на македонската борба беше поставена филателистичка изложба на тема Светите браќа Кирил и Методиј – сесловенски просветители. На 25 мај, изложбата гостуваше во општина Пустец, Албанија. Ова е прва филателистичка изложба од Македонија што гостувала во Албанија и предизвика голем интерес кај повеќе од стотина присутни. Изложбата беше дел од активностите за одбележувањето на 24 мај меѓу Македонците што живеат во овој дел на Албанија.

Надвор од програмските активности во првата половина од годината Музејот на македонската борба учествуваше и поддржа неколку настани, од кои ги издвојуваме следниве.

Музејот на македонската борба беше македонски кандидат за престижната награда најдобар музеј од словенските земји, која годинава се додели на 14 мај во Санкт Петербург, Русија. Доделувањето на наградите „Жива“ е во организација на меѓународната фондација Форум на словенски култури со седиште во Љубљана, Словенија, а на овогодинешните награди беа номинирани 14 музеи од десетина словенски земји. Жирито додели специјална Диплома за невообичаена презентација и поддршка за активностите и резултатите на Музејот на македонската борба. Наградата која првпат се воведува годинава, е признание за иновативниот начин во презентацијата на музејските поставки.

Покрај континуираната соработка и поддршка на НУ Танец, манифестацијата Скопско лето, ансамблот „Македонија“, Македонско научно здружение за аутизам и други организации, Музејот на македонската борба беше домаќин и на промоциите на романот „Светулката“ од Мирјана Тренчева, книгата „Македонците од Тетово од ала турка до ала франга“ на д-р Бранислав Светозаревиќ, промоција монографија за Танец,како и промоција на сопственото издание „Слики со историска тематика“ посветено на уметничките слики од постојаната поставка на Музејот на македонската борба. Во соработка со Британскиот совет и НУ Музеј Битола, Музејот на македонската борба беше домаќин на предавањето „Музеите во време на промени преку вклучување на заедницата низ примери на Глазгов Лајф Музеи“ на Вилијам Доерти. Во соработка со Државниот архив на РМ, во Музејот на македонската борба беше поставена изложба по повод 70 години од победата на антифашизмот под наслов „Обединети сме посилни“.

Во рамки на инвестициските проекти за реализација предвидено е Изработка на проект за микроклиматско решение на депото во вредност од 300.000 денари. Проектот е во фаза на консултации и подготовки за изработка на технички спецификации за тендерската документација.

Финансиските детали од поединечните проекти се дел од извештаите на проектите доставени до Министерството за култура по нивната реализација, додека финансиското работење на установата е елаборирано во финансискиот извештај.

Директор

Д-р Бранислав Светозаревиќ